# З А П И С Н И К

**од триесет и третиот состанок на Комисијата на**

**Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година**

Триесет и третиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 17.12.2025 година во 15:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Jeton Akiku, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и третиот состанок на Комисијата на АЕК во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и вториот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање согласност за јавна набавка на услуга Организација на службени патувања и хотелско сместување за потребите на АЕК;
4. Разгледување на начинот на пресметување на годишниот надоместок за фрекфенции;
5. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и третиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со предлогот од точка 3 членовите на Комисијата го разгледаа барањето за јавна набавка, која е во годишниот план за јавни набавки по што членовите дадоа согласност за набавката.

Во врска со точка 4 беше повикан раководителот за финансии кој ја објасни формулата по која се пресметува годишниот надоместок за фрекфенции, по што се разви дискусија, беа разгледани анализите направени од Агенцијата, како и индексот на пораст на цени во зоната на ЕУ одреден од Европската централна банка за претходната година.

По сеопфатната дискусија се заклучи дека ќе треба да се направи детална анализа со повеќето сектори во Агенцијата по што ќе се донесе одлука.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________
Анкица Трпковска, заменик претседател________
д-р Адмирим Алити, член ________________
Анѓелка Диневска, член________________
Насер Адеми, член____________________

Наш број 1102-56/2

Скопје 22.12.2025 година